ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788
www.okta-elpe.com

Тел. +389 (0) 70 399 757
e-mail: mmilosheski@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 1997/23**
**Дата 24/08/2023**
**Купувач: М.Милошески**
**Рок на доставување: 07/09/2023**

**До:**
**e-mail**
**Број на страни: 4+1**

[x] ПОНУДА

[ ] БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани,

Ве молиме да доставите ваша понуда за: систем за мерење и мониторинг на потрошувачка на електрична енергија **за потребите на Окта, согласно спецификацијата во Прилог 1.**

**Вид и квалитет:** во согласност спецификацијата во Прилог 1**.**
**Испорака:** во согласност со барањата од Прилог 1.

Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на E-mail адресите:

Mmilosheski@helpe.gr и ADimitrievski@helpe.gr најдоцна до **30.08.2023 год.**

- Лице за контакт во ОКТА за технички прашања и организирање на посета во ОКТА: Елеонора Беќаровска – +389 75 475-598 ebekarovska@helpe.gr
- **Понудувачите е потребно да направат увид на локацијата со цел да се запознаат со барањата наведени во спецификацијата.**

**Инструкција за понудувачите:**
Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават електронски во **два фолдери**:
Првиот фолдер ќе ја носи ознаката **"ТЕХНИЧКА ПОНУДА И ДОКУМЕНТАЦИЈА"** треба задолжително да ги содржи следниве податоци и документација:

## ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**I. Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават документите, по следниот редослед:**

1. Презентација (портфолио) на компанијата и на софтверската платформа за управување контрола и мониторинг со енергрија.Име, адреса и седиште на понудувачот, овластено лице, телефон, лице за контакт и е-маил адреса.
2. Изјава дека понудувачите ги поседуваат сите неопходни ресурси за извршување на предметната работа;
3. Овластување А за проектирање и изведба од областа на електротехниката;
4. Референтна листа за изработка на проекти во областа на мониторинг и мерење на потрошувачка на електрична енергија, анализа и контрола на енергија со прилог писмена потврда од крајните корисници во последните 5 години;
5. Препораки (потпишани договори) за претходно извршени работи од ваков обем на услуга;
6. Поседување на ISO 9001;
7. Рок на испорака (изработка);
8. Гарантен период;
9. Изјава за обука, тренинг на мин.5 вработени во ОКТА АД;
10. Сертификати за уредите кои ќе се вградат ISO 50001/2, ISO 50006, EN50160, IEC61000-2-4, NFPA110 или еквивалентни;
11. Тековна состојба не постара од 6 месеци;
12. Документ (копија) издаден од надлежен орган дека понудувачот не е под стечај и ликвидација како и дека не му е изречена мерка забрана за вршење на дејноста (копија не постара од шест месеци заверена од понудувачот);
13. Потврда (копија) од Управа за Јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки (копија не постара од 6 месеци);
14. Потврда за бонитет(копија);

Вториот фолдер ќе ја носи ознаката ,,КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА„ треба задолжително да ги содржи следните податоци и документација:

- Единечни цени во ДЕН со и без вклучен ДДВ согласно табелата наведена во Прилог 1

Комерцијалната понуда треба да се испрати задолжително заштитена со лозинка. Лозинката ќе ви биде дополнително побарана по прием на сите понуди во наведениот рок.

**Добавувачот исто така има можност да ја достави Понудата во надворешен коверт со назнака:**

**“НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1997/23”**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **” ТЕХНИЧКА ПОНУДА “** и називот на понудувачот, и
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **“ФИНАНСИСКА ПОНУДА”** и називот на понудувачот.

**<u>Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или најдоцна до 07/09/2023 год.</u>**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат.**

## II. Во ковертот кој ќе ја содржи КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА потребно е следново:

1. Во спецификацијата од Прилог 1 да се дадат цени без ДДВ, поединечно и вкупно.
2. Цената на понудата да биде изразена во ДЕНАРИ без ДДВ (Понуди во друга валута нема да се разгледуваат).
3. Со доставување на понудата, понудувачот прифаќа понудените цени да останат фиксни и непроменето за времетраење на договорот, односно во рок од две (2) години од потпишување на договорот.

Нашите услови на плаќање се 40 дена од датумот на фактурата, ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.

## III. Услови на реализација

- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешиот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
- Понудувач прифаќа дека ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обрска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.
- ОКТА има право да побара електронско наддавање и сите понуди може да бидат предмет на електронско наддавање и финални преговори пред потпишување на договор/креирање на нарачката.
- Со најповолниот понудувач/и ќе биде склучен договор со времетраење од 1+1 (две) години. Се додека официјалниот договор не е потпишан, прифаќањето на најповолната понуда, во писмена форма од страна на ОКТА ќе преставува обврзувачки договор меѓу двете договорни страни.
- Информациите во врска со евалуацијата и споредбата на понудите и препораките за доделување договор нема да бидат откриени на понудувачите или на кое било друго лице кое официјално не е вклучено во тој процес. Секој обид на понудувачот да влијае врз

обработката на понудите или одлуката за доделување на ОКТА ќе резултира со итна дисквалификација на неговата понуда

- По завршување на постапката, но не пред потпишување на договор со избраната компанија, ОКТА АД ќе ги извести учесниците чии понуди се одбиени. Сепак, ОКТА АД не е обврзана да го објаснува одбивањето на нивните понуди или да дава какви било информации во врска со резултатите од евалуацијата на понудите.

**Понудите кои не се доставени во согласност со горенаведните услови нема да се разгледуваат.**

Поздрав,

| | |
|---|---|
| Мартин Милошески | Александар Димитриевски |
| Раководител на набавка | Менаџер за набавка |